# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТЕТИТЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Зајакнување на капацитетите на полициските службеници за постапување во случаи на говор на омраза

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## септември, 2025

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во периодот јуни – јули 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведе седум еднодневни обуки за полициски службеници и останати вработени во Министерството за внатрешни работи, со цел зајакнување на нивните капацитети за препознавање, документирање и постапување во случаи на говор на омраза.

Фокусот беше ставен на усогласување со европските и меѓународните стандарди, правилна примена на националната законска рамка, прибирање и анализа на материјални и електронски докази, како и подобрување на интерсекторската и меѓународната соработка.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Спроведени се обуки во сите Сектори за внатрешни работи (Скопје, Велес, Охрид, Куманово, Битола, Штип, Тетово и Струмица), Тренинг центарот на МВР и Секторот за компјутерски криминал.
- Учесниците се стекнаа со знаења за правната рамка, категориите на говор на омраза и инструментите на Советот на Европа и ЕУ.
- Изведени практични вежби за идентификација и процесирање на говор на омраза, од пријава до поднесување на предмет до надлежно обвинителство.
- Посебен фокус ставен на прибирање и правно валидно претставување на електронски докази, како и на примената на меѓународна правна помош.
- Идентификувана е потребата од стандардизирани протоколи за дигитална форензика и унифицирани упатства за постапување.
- Препознаена е важноста од институционална соработка со социјалните медиуми за навремено обезбедување на релевантни податоци.

# Модули на обуката

Модулите опфатија: правна рамка и дефиниции, со систематизирање на националната регулатива и хармонизација со европските и меѓународните стандарди, вклучително судска пракса на ЕСЧП и релевантни инструменти на Советот на Европа и ЕУ; препознавање и категоризација на говор на омраза преку практични насоки за аналитичко препознавање во различни комуникациски контексти и студии на случај од домашната пракса; електронски докази и дигитална форензика со фокус на извори на електронски докази, постапки за нивно обезбедување, замрзнување и размена, како и верификација и документирање согласно процесни стандарди; меѓународна правна помош преку активирање на механизмите согласно Будапештанската конвенција и дополнителните протоколи, подготовка на барања за меѓународна правна помош и комуникација со технолошки компании; и интерактивни вежби и симулации со групна работа, анализа на предизвици, презентација на стратегии за постапување и изработка на пример-поднесоци кон ОЈО/суд

# Наоди од обуката

- Постојат значајни празнини во унифицираните насоки за идентификација и процесуирање на говор на омраза.
- Недоволна е стручната подготвеност на институциите за обработка на дигитални докази и нивно правно презентирање.
- Ограничена е соработката со технолошките компании и социјалните медиуми, што ја забавува истрагата.
- Потребна е поголема запознаеност со процедурите за меѓународна правна помош и активирање на соодветните механизми.
- Учесниците изразија силна подготвеност за континуирано учење и професионална надградба.

# Заклучоци

1. **Говорот на омраза претставува сериозен безбедносен и општествен ризик и бара координиран институционален одговор.**
2. **Електронските докази се клучни за ефективни истраги и мора да се обезбедуваат со највисоки форензички стандарди.**
3. **Потребно е да се развијат унифицирани протоколи и методологии за прибирање и анализа на докази.**
4. **Неопходно е систематско градење на знаења и интероперабилност помеѓу органите на прогон и правосудството.**

# ПРЕПОРАКИ

- Изработка и објавување на национален прирачник за постапување во случаи на говор на омраза и електронски докази.
- Воспоставување на систем за континуирана едукација на полициски службеници, обвинители и судии.
- Развој на унифицирани методологии за дигитална форензика и анализа на податоци.
- Соработка со социјални медиуми и формализирање на комуникациските канали и олеснување на добивањето информации.
- Редовна примена на механизмите за MLA и обуки за подготвување на барања.
- Воспоставување на редовни мулти-секторски состаноци за размена на искуства и следење на резултатите.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА